Црвен крст на Република Северна Македонија
Kryqi i Kuq i Republikës së Maqedonisë së Veriut

# Водич

## за организација и работа на Клуб на млади на Црвен крст на Република Северна Македонија

Скопје, јуни, 2019 година

Црвен крст на Република Северна Македонија
Kryqi i Kuq i Republikës së Maqedonisë së Veriut

**Содржина:**


1. **Клуб на млади**
2. **Млади на Црвениот крст на РСМ**
3. **Лидер и Заменик лидер**
4. **Раководење и функционирање на Клубот на млади**
5. **Состаноци на Клуб на млади**
6. **Координативно тело**
7. **Претставник во Советот на млади на ЦКРСМ**
8. **Преставник во Собрание/Раководен одбор на ООЦК/ЦКГС**
9. **Евиденција и архивирање**
10. **Активности на Клубот на млади**

## 1. Клуб на Млади

Клуб на млади претставува форма преку која младите волонтери на Црвениот крст на Република Македонија се организираат во општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје.( чл.10 од Правилник за организација и работа на младите на ЦКРМ бр.09-180/1, 21.03.2014 )

Клубот на млади на ООЦК/ЦКГС своите цели, задачи и активности ги остварува согласно Статутот на Црвениот крст на Република Северна Македонија, Статутот на ООЦК/ЦКГС, Правилникот за организација и работа на младите на ЦКРСМ, Упатството за работа на Клубот на млади и овој Водич.

Волонтерите/членовите во рамките на клубовите на млади спроведуваат активности од млади за млади според потребите на младите луѓе, преку пристапот врсник на врсник и разни облици на неформално едуцирање и организирање со цел исполнување на основната визија и мисија на Црвениот крст.

1. *Активности за промоција и дисеминација*
   - Организирање на настани и активности за Недела на млади;
   - Реализација на Недела на Промоција на хумани вредности;
   - Дисеминациски работилници;
   -Активности за промоција на клубот на млади.
2. *Обуки и семинари за надоградување на капацитети*
   - Обуки за врснички едукатори;
   - Обуки за прва помош;
   - Учество и организација на тренинзи, семинари, кампови и работилници.
3. *Мотивација на волонтери*
   - Одбележување на 5 декември;
   - Доделување на награди и признанија за истакнати волонтери;
   - Организирање на роденденски, новогодишни и други видови на прослави;
   - Организирање на излети, планинарења, прошетки и слично;
4. *Активности за превенција и подигање на свеста*
   - Врснички едукации;
   - Информативни штандови;
   - Герила акции;
5. *Училишни клубови;*
   - Реализирање на годишниот план;
   6. *Акции произлезени од потребите на заедницата;*
   - Активности за помош на групи и иднивидуалци;

- Активности за помош на институции.

Клубот на млади за својата работа одговара пред Раководниот одбор и Собранието на ООЦК/ЦКГС.( Упатство за организирање и работа на Клубови на млади при ООЦК/ЦКГС бр.09-179/1, 12.03.2014 )

## 2. Млади на Црвениот крст на РМ ( волонтер, член )

Волонтер на Клубот на млади е лице кое е на возраст до 30 години, пополнува пристапница за волонтирање и привремено или редовно, доброволно извршува волонтерски активности на клубот во согласност со Правилникот за волонтирање на Црвениот крст на РСМ и Кодексот за однесување на волонтерите на Црвен крст на РСМ. Волонтерот има право да учествува на состаноците од отворен карактер, да бидат дел од дискусиите, но без право на глас при носење на одлука. Волонтерскиот ангажман и придонес се вреднува и се евидентира. За активен волонтер се смета секој кој има најмалку 10 волонтерски часови во текот на еден месец, кои се евидентираат во софтверот за волонтери на ЦКРСМ.

Член на Клубот на млади, може да биде секој граѓанин на РСМ помлад од 30 години, кој доброволно потпишува пристапница, плаќа годишна членарина. Висината за годишната членарина се одредува според возраст и тоа за лица под 18 години – 100,00 денари, додека за лица над 18 години 150,00; 350,00; или 450,00 денари по избор на лицето. Членот е лице кое е активно вклучено во работата на Клубот на млади на ООЦК/ЦКГС, го поддржува и придонесува развојот на Клубот на млади на ООЦК/ЦКГС, може да бира и да биде биран во органите и телата на клубот на млади на ООЦК/ЦКГС и во телата на ООЦК/ЦКГС претходно уредени според Статутот на ООЦК/ЦКГС/ЦКРМ, Правилникот за организација и работа на младите на ЦКРСМ и Упатството за организирање и работа на клубовите на млади при ООЦК/ЦКГС.

Членовите и волонтерите имаат обврска да ги почитуваат и дисеминираат основните принципи, да ја унапредуваат и активно да учествуваат во работата на клубот на млади на ООЦК/ЦКГС, да го прифатат и почитуваат Статутот, да го почитуваат и заштитуваат амблемот на Црвениот крст на РСМ.

Според чл.13 од Правилникот за организација и работа на младите на ЦКРМ, членовите на Клубот на млади:
- ја донесуваат годишната програма за работа на Клубот на млади;
- го усвојуваат годишниот извештај за работа на Клубот на млади;
- го бираат лидерот и заменик лидерот на Клубот на млади;

- избираат претставници за состав во надлежни органи и други институции;
-иницираат формирање на други организациони форми во рамките на дејствувањето на Клубот на млади.

Во членовите 18 и 19 од Статутот на Црвен крст на Република Северна Македонија е уреден начинот на престанување на членувањето во Црвениот крст и како Општинската организација може да исклучува член од членството во некои случаи.

## 3. Лидер и заменик лидер

Улогата, првата и обврските на Лидерот на Клубот на млади е уредена со членовите 14, 15 и 16 од Правилникот за организација и работа на Младите на ЦКРСМ и во Упатството за организирање и работа на Клубовите на млади при ООЦК/ЦКГС. Во согласност со Координативното тело на Клубот на млади при ООЦК/ЦКГС или Координативното тело на млади на ЦКРСМ, лидерот може да извршува и други задачи.

Улогата, правата и обврските на Заменик лидерот на Клубот на млади е уредена со членовите 17 и 18 од Правилникот за организација и работа на Младите на ЦКРСМ и во Упатството за организирање и работа на Клубовите на млади при ООЦК/ЦКГС. Ги има истите права и обврски како и Лидерот на Клуб на млади, а дејствува во негово отсуство и во случај да има потреба од истовремено присуство на Лидерот на две различни места. Заменик лидерот може да врши и други задачи во договор со Лидерот и Координативното тело на клубот на млади.
Со цел работата на клубот на млади да се извршува непречно и соодветно на предвидените задачи препорачливо е лидерот и заменик лидерот на Клубот на млади да се лица постари од 16 години, со поминати обуки за меки вештини и комуникација, тимска работа.
Доколку предвидените права и обврски на лидерот и заменик лидерот не се исполнуваат соодветно и не ја исполнуваат годишната програма и нивната програмата поднесена при кандидатурата за која се обрврзуваат да ја исполнат во текот на нивниот мандат и во случај на прекршување на принципите на Црвениот крст може да бидат отповикани од нивната должност или истите можат да си поднесат отставка со навремено известување од 3 месеци, додека да се организираат нови избори, со образложение зошто ја напуштаат таа должност.

## 4. Раководење и функционирање на клубот на млади

Работата на младите во ООЦК/ЦКГС е организирана преку Клуб на млади кој избира членови на Координативно тело на Клубот на млади, Лидер, Заменик лидер, претставник во Собрание на ООЦК/ЦКГС и претставник во Совет на млади на Црвениот крст на Република Северна Македонија и е уредена со Упатството за организирање и работа на Клубовите на млади при ООЦК/ЦКГС.

Младите преку Клубот на млади планираат и реализираат активности од млади за и со млади, активности за јакнење на капацитетите со цел развивање на млади капацитети за во организацијата, ја планираат годишната програма за работа на клубот на млади, го изготвуваат извештајот на годишно ниво, ги следат тековните активности, прават периодични евалуации на работата на клубот на млади, ги следат извештаите за тековните активности на волонтерите, водат евиденција на волонтери и нивни капацитети.

## 5. Состаноци ( изборен, редовен, вонреден)

Работата на клубот се организира преку одржување на состаноци. Состанок на Клубот може да биде: изборен, редовен и вонреден, кои се уредени со Упатството за организирање и работа на Клубот на млади при ООЦК/ЦКГС.

## 6. Координативно тело

Работата, должноста и обврските на Координативното тело на клубот на млади се уредени со Упатството за организирање и работа на Клубовите на млади при ООЦК/ЦКГС.
Со цел работата на клубот на млади да се извршува непречно и соодветно на предвидените задачи препорачливо е членовите на Координативното тело, покрај лидерот и заменик лидерот на Клубот на млади кои по функција се членови на истото тело, да се:

1) Член со најмала возрасна граница над 16 години;
2) Член со поминати обуки за меки вештини и комуникација, тимска работа;
3) Член во рамките на Клубот на млади најмалку 2 години;
4) Член кој активно учествувал во најголем дел од активностите на младите во изминатите две години;

Обврски и должности на веќе именувани членови на Координативно тело, на кои секој член се обврзува да ги испочитува за мандатниот период од 2 години:

1) Редовност на состаноците на координативното тело;

2) Активно да допридонесува за работата на клубот на млади;

3) Ги исполнува своите задачи/обврски/ангажмани според планот за работа на координативното тело;
4) Ги исполнува задачите зададени од Лидерот, а во негово отсуство од Заменик лидерот на Клубот на млади;
5) Предлага точки за дневен ред за состаноци на координативно тело и клубот на млади;
6) Ги претставува младите од клубот на млади пред останатите клубови на млади или други организации;
7) Предлага и разгледува/номинира кандидати за учество на обуки, семинари, состаноци и конференции; како и за добивање награди за волонтери.

| | Што работи? | Опис на обрската | Начин на спроведување на обврската |
|---|---|---|---|
| Член 1 | Ја координира работата на врсничките едукатори | - ја следи работата на врсничките едукатори , дали и колку едукации организираат и се грижи за одбележување на неделите/месеците/ ден на ХИВ, Трговија со луѓе, Болести од зависности и други релевантни теми за млади на територија на нивната ООЦК. | 1. Прави мандатен план за работа;<br>2. Прави годишни планови за работа кои соодветствуваат на мандатниот план;<br>3. Подготвува годишни извештаи за сработеното според годишниот и мандатниот план;<br>4. Ги следи насоките од националната канцеларија за релевантните датуми за врсничка едукација според традиционалниот календар;<br>5. Следи извештаи и истражувања, релевантни за темите за врсничка едукација, подготвени од Црвениот крст и од други организации/институции;<br>6. Ги следи извештаите од врсничките едукатори за спроведени врснички едукации и дава насоки и предлози за тоа дали се потребни нови обуки, нови врснички едукатори и/или нови теми за врсничка едукација, организира работни состаноци со врсничките едукатори. |
| Член 2 | Ја координира работата поврзана со реализирање на календарот на активности | - ја следи работата на волонтерите од клубот на млади и реализирање на активностите според традиционалниот календар, следење на насоките од страна на ЦКРСМ | 1. Прави мандатен план за работа;<br>2. Прави годишни планови за работа кои соодветствуваат на мандатниот план;<br>3. Подготвува годишни извештаи за сработеното според годишниот и мандатниот план;<br>4. Подготвува насоки за релевантните активности за млади од традиционалниот календар на активности; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - подготвува и иницира активности за одбележување на традиционални активности кои ги засегаат младите. | 5. Следи извештаи и истражувања релевантни на темите за млади од календарот на активности, подготвени од Црвениот крст и од други организации/институции;<br>6. Ги следи извештаите на волонтерите за спроведени активности од календарот на активности. |
| Член 3 | Ја координира работата на одговорните волонтери за училишните клубови | - редовно е во координација и комуникација со одговорните волонтери за училишните клубови и организирањето на нивната работа. | 1. Прави мандатен план за работа;<br>2. Прави годишни планови за работа кои соодветствуваат на мандатниот план;<br>3. Подготвува годишни извештаи за сработеното според годишниот и мандатниот план;<br>4. Ги следи извештаите на одговорните волонтери;<br>5. Организира работни состаноци со одговорните волонтери за координација на активностите на училишните клубови. |
| Член 4 | Поттикнува и организира активности за надоградба на капацитетите на волонтерите и нивна мотивација | - ги следи интересите на волонтерите, потребите на локалната заедница, ги следи активностите наменети за мотивација и зајакнување на капацитети, ги споделува информациите за обуки, кампови, јавни повици во кои младите може да се вклучат. | 1. Прави мандатен план за работа;<br>2. Прави годишни планови за работа кои соодветствуваат на мандатниот план;<br>3. Подготвува годишни извештаи за сработеното според годишниот и мандатниот план;<br>4. Подготвува насоки и предлози за мотивирање на волонтери;<br>5. Споделува знаење и можности за подобрување на лидерски и раководни способности на наведените членови на Клубовите;<br>6. Организира и реализира активности за обука и зајакнување на капацитетите на волонтерите според потребите на локалната заедница. |
| Член 5 | Следи и поттикнува иницијативи на волонтерите во клубот на млади и следи други НВО на локално ниво | Ги следите иницијативите поттикнати од волонтерите на Клубот, помага во нивната реализација, дополнително ги следи трендовите на младите на локално | 1. Прави мандатен план за работа;<br>2. Прави годишни планови за работа кои соодветствуваат на мандатниот план;<br>3. Подготвува годишни извештаи за сработеното според годишниот и мандатниот план;<br>4. Следи извештаи, истражувања и трендови за работа со млади во Црвениот крст и од други организации/институции; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | ниво, какви активности реализираат, кои активности се актуелни, кои организации и мрежи ги спроведуваат истите и иницира партнерска соработка со истите доколку е увидена потреба. | 5. Поттикнува иницијативи така што дава насоки и препораки за спроведување на дополнителни активности за млади соодветни за локалното население на млади;<br>6. Споделува знаења и можности за спроведување на иницијативи/кампањи/проекти. |

## 7. Претставник во Советот на млади на ЦКРМ

Улогата и обврските на претставникот на Клубот на млади при ООЦК/ЦКГС во Советот на млади на ЦКРСМ е уредено со Упатството за организирање и работа на Клубовите на млади при ООЦК/ЦКГС.

Со цел да има континуирана комуникација помеѓу членовите на Советот на млади на ЦКРСМ и Клубовите на млади се препорачува претставникот на Клубот на млади во Советот на млади на ЦКРСМ да биде лице кое е :

1) Член минимум една година со платена членарина;
2) Член со најмала возрасна граница над 18 години;
3) Член кој е мотивирани и има идеи за младите на национално ниво;
4) Член кој активно ќе се вклучува во работните групи и активностите на младите на национално ниво, ќе извршува други задачи и задолженија дадени од страна на Претседателот/Потпретседателот на Советот на млади на ЦКРСМ.

## 8. Претставник на Клубот на млади во Собрание/Раководен одбор на ООЦК/ ЦКГС

Улогата и обврските на претставникот на Клубот на млади при ООЦК/ЦКГС во Собранието / Раководниот одбор на ООЦК/ЦКГС е уредено со Упатството за организирање и работа на Клубовите на млади при ООЦК/ЦКГС.

Со цел ставовите на клубот на млади бидат најдобро застапени и претставени пред членовите на Собранието/Раководниот одбор на ООЦК/ ЦКГС претставникот на Клубот на млади препорачливо е да биде член на Клубот на млади повеќе од една година, да има

најмала возрасна граница над 18 години, член кој бил активен во повеќе активности на клубот на млади изминатата година.

## 9. Евиденција и архивирање

Со Упатството за организирање и работа на Клубот на млади при ООЦК/ЦКГС се уредени начинот на евиденција и архивирање за работата на Клубот на млади.
Со цел транспарентност во евиденцијата, препорачливо е секој член или волонтер своите податоци, волонтерски часови, поминати обуки и активности во кои учествувал да ги внесува во софтверот за менаџмент со волонтери на ЦКРСМ.
Дополнително Координаторот за млади или Координативното тело на ООЦК/ЦКГС се задолжени за внесување на месечни и годишни планови, тековни активности и квартални извештаи во софтверот за менаџмент со волонтери на Црвениот крст на РСМ.

## 10. Активности на Клубот на млади

Активностите на младите навремено треба да се планираат согласно годишните потреби и цели кои ќе ги поставаат младите во ООЦК/ЦКГС. Годишниот план за работа на младите во ООЦК го подготвуваат координативното тело во согласност со членовите на клубот на млади. Доколку се забележат нови потреби на заедницата, се планираат нови активности за задоволување на истите.
При реализирање на сите активности волонтерите во Клубот на млади се придржуваат до уредбите во Правилникот за волонтирање во ЦКРСМ и Кодексот за однесување на волонтерите во ЦКРСМ.

| Ставка | Активности | Критериуми |
|---|---|---|
| Активности за промоција и дисеминација | - Организирање на настани и активности за Недела на млади;<br>- Реализација на Недела на Промоција на хумани вредности;<br>- Дисеминациски работилници;<br>- Активности за промоција на клубот на млади. | -Сите волонтери од клубот на млади. |
| Обуки и семинари за надоградување на капацитети | - Обуки за врснички едукатори;<br>- Обуки за прва помош; | - Волонтери на возраст над 18год. кои имаат поминато соодветна обука за |

| | | |
|---|---|---|
| | - Учество и организација на тренинзи, семинари, кампови и работилници. | едукацијата од страна на ЦКРСМ. |
| Мотивација на волонтери | - Одбележување на 5 декември;<br>- Доделување на награди и признанија за истакнати волонтери;<br>- Организирање на роденденски, новогодишни и други видови на прослави;<br>- Организирање на излети, планинарења, прошетки и слично. | - Сите волонтери од Клубот на млади. |
| Активности за превенција и подигање на свеста | - Врснички едукации;<br>- Информативни штандови;<br>- Герила акции;<br>-Акции произлезени од потребите на заедницата. | - Волонтери на возраст над 16год. кои имаат поминато соодветна обука за едукацијата од страна на ЦКРСМ |
| Училишни клубови | - Реализирање на годишниот план. | - Лица кои се подолго време во организацијата и дел од органите и телата на клубот на млади при ООЦК/ЦКГС. |
| Акции произлезени од потребите на заедницата | - Активности за помош на групи и иднивидуалци;<br>- Активности за помош на институции. | -Сите волонтери од Клубот на млади. |